
„Ако чекав совршенство, немаше да напишам ниту еден збор.“
Маргарет Атвуд

**Природата е наш дом**

**Прекрасен септемвриски неделен ден. Сончевите зраци уште рано изутрина се пробиле низ белите облаци и низ прозорецот на мојата соба, па ми ги отвораат очите. „Ова ќе биде супер ден за Гази Баба“- си помислив. Станав, си го измив лицето и седнав да појадувам. Се договоривме со другарите да се најдеме на полјаната. Ја земав топката и се упатив кон шумата.**
**Попат, скришно здогледав како поголеми деца со запалки ја палат клупата од летниковецот. Таа почна да гори, а децата се смееја. Кога пламените јазици станаа големи тие се исплашија и прснаа да бегаат. До летниковецот за среќа има чешма. До неа имаше и стара пластична кофа. Бргу почнав да ја полнам со вода, а водата ја истурав врз разгорената клупа. Тврдоглавиот оган не се предаваше, па пламенот ја зафати и дрвената маса. Ветерот му беше сојузник, па за кусо време во пламен се најде и блиската грмушка. Незапирливо полнев од водата и ја истурав врз огнот. По половина час, успеав да изгасам сѐ.Возбуден и среќен што успеав во својата мисија, седнав да се одморам. „Зошто децата не размислија за последиците од нивната игра? Што ќе се случеше ако целата шума изгореше?“. Во главата ми одѕвонуваа овие прашања.**
**Шумата Гази Бабаза овој град е како белите дробови на човекот. Овој град дише благодарение на неа. Мора да внимаваме на секој наш чекор. Неретко, играта знае да се претвоти во трагедија и тоа само за неколку секунди. Да бидеме совесни и разумни кога сме во природа оти колку ќе си ја чуваме, толку и таа ќе не чува нас.**

**Јаков Христов VIа одд.**

**1 награда на литературниот конкурс на Противпожарниот сојуз на град Скопје за ученици до VI одд.**

**Ментор:Татјана Силјаноска-Гочкова**

# КОЈ Е НАЈДОБАР

Еден есенски ден на прошетка во паркот се сретнале месеците Јуни, Септември, Октомври, Ноември и Декември. Почнале меѓусебно да се докажуваат кој е најдобар. Прв започнал месецот Јуни кој се пофалил дека е најдобар затоа што тогаш го има најубавото овошје и сите деца се радуваат затоа што одат на годишен одмор. Тогаш на сите им дарува сонце и радост. По него се јавил месецот Септември и кажал дека тоа не е точно. Се пофалил дека децата се најрадосни кога е Септември затоа што тогаш тргнуваат на училиште и дека најразновидното и најубавото овошје е токму тогаш.Се надоврзал месецот Октомври кој го искарал месецот Септември зашто се пофалил дека е најдобар. „ Октомври е многу поубав месец бидејќи тогаш листовите се во разновидни бои. Има и сонце, дожд и ветар.”- рече малку горделиво Октомври. Тогаш Ноември се вклучил во разговорот, па им рекол дека тој е најдобар затоа што во Ноември целата зимница во која се насладуваат децата е подготвена. На крај месецот Декември гласно им викнал: „Јас сум најдобар месец затоа што тогаш децата се најсреќни. Им носам многу снег и децата радосно се санкаат и си играат во снегот”. Децата го слушнале овој разговор меѓу месеците и им рекле да престанат да се караат. „Ние сме среќни и уживаме во сите месеци од годината на различен начин. За нас сите вие сте најдобри.” Децата продолжија со својата игра, а месеците со насмевка заминаа задоволни што секој од нив е најдобар и сакан.

**Ева Ангеловска VI а одд.**

**Ментор:Татјана Силјаноска-Гочкова**

# Есен во Гази Баба

Училишното ѕвонче заѕвони. Учениците влегуваат во нивните училници и седнуваат на клупите. Еден од тие ученици беше Даниел. Тој седна на својот неудобен стол и ги извади книгите.Јунската клима го убиваше.
- Е, колку е топло, се препотив- рече тој.
Наставникот влезе во училницата и седна на катедрата. Даниел не го забележа бидејќи седи на последната клупа. Од толку замор, ги затвори очите и заспа.
Кога се разбуди никој немаше во училницата. Веќе небеше толку топло и спарно. Даниел го отвори прозорецот и што да види. Сите дрва имаа преубава бакарна, портокалова боја. Надвор врнело. Имаше преубава арома на мокри борови и шишарки. Но, најчудното беше што немаше жива душа во школскиот двор.
Даниел стана од столот, си ги зеде очилата од под клупата и отиде во ходникот. Ни таму немаше никој. Си го отвори својот шкаф. Сите книги му испопаѓаа на земја. Но место својата кратка маичка таму имаше капут и чадор. Ги зеде и со трчање излезе од школото.
-Добро, ајде да тргнам накај дома- си кажа тој.
Излезе од школките порти и отиде кон малиот парк. Кога стигна до паркот се вџаши. Сите дрва беа преубави, на земјата имаше тепих од златно жолти листови, насекаде имаше диви костени.
Даниел седна на клупата до малата фонтана. Седеше таму можеби неколкумина минути.
Кде се сите? Паркот е секогаш полн со луѓе.Морам да одам дома- си рече тој и стана од клупата.
Тој одеше со летни чевли. Почна да трча. Даниел се лизна и падна во една бара вода.
-Оф леле! Е ова не ми требаше. Оф леле! Каде ми се очилата?
Даниел стана полумокар и почна да ги бара своите очила. Тие летнале од другата страна на една мала ограда. Ја пикна слабата рака преку решетката и ги зеде. Очилата беа божем изгребани, но Даниел немаше резерва и затоа пак ги стави на очите. Тој продолжи по патот до главната улица. Кога стигна таму немаше нитуедна кола, ниту еден автобус кај автобуската станица.

Даниел за првпат смирено ја помина таа улица. Одеше и нешто му капна на глава. Си помисли дека е некоја птица, но досега не видол ниедно жовотно.
- Е, па ова значи дека ќе заврне, за среќа јас имам чадор- рече отварајќи го чадорот.
Дождот силно истураше. Но, тој само продолжи по патот. На раскрсницата ја виде куќата на неговиот пријател Марко. Тој влезе во дворот на малата куќа.
-Марко!!!! Тука си?- немаше одговор.
- Маркооо!!!!. О, леле! Ни него го нема. Каде се сите? Немам време за прашања.
Даниел продолжи по патот гледајќи ја преубавата атмосфера. Ја слушаше кукавицата како пее, листовите како шушкаат, дождот како капе и шушкање.
-Чекај малку шушкање. Па има некој – си помисли тој. Еј ти покажи се!!!- викна тој трчајки накај шушкањето.
Кога стигна таму што да види. Тоа било мачка.
-Па, значи има барем животни, ајде сега и некој човек да најдам.
Тој продолжи да бара накај трите кули. Одејќи по патот виде паркирани автомобили покриени со листови.
-Колку чудно! Како така да си го остават автомобилот, а да нема никој- зачудено рече тој.
Стигнакај игралиштето каде што тој играше кошарка со своите пријатели.
Има ли некој?- извика гласно.
-Оф! Се изморив. Ај, ќе седнам на клупава- разочарано рече.
Досега никогаш не забележал колку е убава есента без автомобили, гужва и џагор од луѓе.
Стана од клупата и продолжи кон дома. На паркингот ги немаше бабите и дедовците, го немаше мирисот на свеж ајвар што тие го правеа.
Даниел сега малку се натажи. Некако есенската атмосфера не е исполнета без нив. Но, секогаш кога имаше таква мисла ќе подишеше длабоко од чистиот воздух од дождот и ќе ги видеше сите листови. И тоа го направи сега. Тој се симна по малото патче каде што возеше велосипед. Конечно дојде пред врата. Силно ја отвори.
-Мамо! тато! Тука ли сте ?

Тишина. Никој не одговараше. Даниел сфати дека е сам во цела Железара, па можеби и во цела Гази Баба. Оф, а што ако е сам во цело Скопје, Македонија или светот. Тие лоши мисли брзо му излегоа од глава.
Го зема клучот од гаражата, од трпезариската маса отиде до задниот двор и си го зеде велисипедот.
-Ако нема никој можам да возам каде сакам. Ќе биде супер!
Но исто го зеде и вокменот на таткому што обично не смееше да го чепка. Но, кој ќе го спречи. Исто така зеде некои цедиња што му се допаѓаа - Битлси, Аба и Ролинг Стоунс. Се качи на велосипедот и почна да вози накај шумата.
Престана да врне. Колку беше убаво. Звукот од листовите како се ронат под каливите тркала на велосипедот, слабото ветренце што дуваше. Ги слушаше верверичките како цивкаат.
Даниел!!- тој се штрекна и скокна од точакот. Даниел!!- некој викаше.
Даниел брзо затрча да го најде.
-Даниел!–повторно го чу своето име.
Што се случи? тој беше во својата училница.
-Каде сум јас?- праша тој, а другарчињата од класот се насмевнаа.
-Добро утро Даниел. Ако не си забележал, ти си во училиште. Дали го знаеш одговорот на прашањето под б?
Даниел не го знаеше одговорот на прашањето, но знаеше нешто поважно : дека едвај чека да дојде есента.

**Илија ДимитровскиVIIб одд**
Ментор:Татјана Силјаноска-Гочкова

**Будење**

**Силен плач на бебе. Се буди нов живот, се отвораат вратите на предизвикот наречен живот. Се буди нова мајка. Со среќен лик и топлина во душата трча да ја отвори вратата на предизвикот наречен мајчинство. Бебето се разбуди во детенце. Научи да оди, да зборува, да игра, да пишува, да добива петки и тројки. Научи што е успех и неуспех, што е победа и пораз. Научи да другарува и да споделува. Ја отвори вратата на предизвикот наречен детство.**

**Ја отвори вратата на предизвикот наречен детство.** **Се разбуди еден тинејџер. Се збуни, застана.Играта со другари се претвори во долги прошетки, во бескрајни разговори, во скршни погледи. Посака да изгледа убаво, забележано. Со часови ги смислува своите модни комбинации, со часови ја уредува својата коса. Се е така хаотично како и собата на еден тинејџер. Се будат нови интереси, цртаните на телевизија се променија во социјални мрежи. Со нив е поинтересно, минутата се претвора во час, часот во ден. Тинејџерот се збуни. Многу информации одеднаш ги имаше во рака. Многу луѓе, познати и непознати, одеднаш се во твојот профил, те следат, а ти се радуваш на секој ,,лајк”, на секој прегледСе пазиш, опасно е, може да влезеш во замка, да бидеш уловен во мрежата на некој кој се разбудил во ,,монструм’. Се бараш, во стилот, во вкусот. Го бараш својот идентитет. Во раката имаш модел, прекрасна е, дотерана, нашминкана, ,,тренди”. Тој го има најновиот модел на телефон, вежба, дотеран е во најнови колекции, вози бесна кола. Се споредуваш, сакаш да личиш на нив. Размислуваш, се збунуваш. Се потсетуваш на часовите поминати во разговори со своите родители. Кои се вредностите, што не прави среќни? Се разбуди едно девојче, посака да биде возрасна, посака да биде заљубена, посака да има момче. Тоа и се случи.**

**-Каде брзаш другарке?**

Се разбуди едно момче, посака да биде возрасен. Запали цигара, зема алкохолво детската рака.

- Каде брзаш другар?

Викенд е, три другарки го планираат слободното време. Тинејџерската соба стана кино сала. Сами направија пица и беа среќни, беа задоволни и уживаа во моментот. Три другари одат на фудбалски натпревар, за првпат одат сами. Се чувствуваат возвудено и независно, помалку вознемирено, одговорноста е голема, но се многу среќни.

Збунувачки е! Се чувствуваш зрело, возрасно, но свесен си дека сеуште си дете! Го сакаш детето во себе во себе, ја сакаш и независноста. Си го поставуваш прашањето: Дали си спремен да го заспиеш детето и да се разбудиш во личност која треба да биде одговорна, помалку зависна, среќна... Размислуваш, се збунуваш. Се потсетуваш на часовите поминати во разговори со своите родители.

Кои се вредностите во животот? Одговорност, искреност, почит кон себе си и кон другите,самодоверба,самокритичност, желба за личен успех. И одлучуваш... Се будиш. Ја отвораш вратата кон животот и трагаш.

**Каја Хоџиќ VIIб одд.**
**Ментор:Татјана Силјаноска-Гочкова**

# Шумски рај

Премногу сум среќна, бидејки живеам во населбата Железара, непосредно до шумата Гази Баба.Пред седум години ја запознав оваа прекрасна шума. Бев малечка, чувствував како да не се наоѓам во Скопје или воопшто во градска средина, а најмалку дека сме толку блиску до центарот на градот.

Во нашата прекрасна шума, која навистина се чувствувам дека е единствена во градско подрачје, а наликува како да сум на некоја убава планина. Сите годишни времиња се неверојатно интересни и убави за уживање. Напролет е задоволство да се гледаат новите булки и цветови на дрвјата кои опиваат со прекрасниот мирис, на лето пак прекрасни се сенките под густите дрвја кои ни нудат релаксирачка ладовина. Зимата ни го носи чистиот и недопрен снег кој навидум изгледа планински. Тогаш удолнините ни овозможуваат зимски задоволства и санкање.

Но сега како што е насловот, ќе се задржам на есенскиот период во нашата Гази Баба.Долгите и топли, жешки скопски горештини, секако влијаат и на нашата шума.Кога ќе дојде месец септември чувствувам дека и нашата прекрасна шума почнува да зема здив.Не само шумата како вегетација, туку и животинчињата кои живеат во неа.Погледот е прекрасен.Додека шетам, не можам да се изнагледам на шаренилото околу мене.Кога ќе погледнам надолу здогледувам мали есенски цвеќиња, стара и свежа трева, лево и десно од патеките- жолти, црвени, бели и во секакви бои непознати за мене печурки.Чаевите веќе почнуваат да се сушат и од нив останува само убавата миризба.Сувите гранки и дрвца на кои им поминал векот се паднати долу и поради природната влага мирисаат неодоливо, небаре се наоѓаш во некоја шума блиску до Крушево или Берово.Животинскиот свет на нашата Гази Баба е вистинска приказна.Вредните и неуморни мравки ги трошат последните сили обезбедувајќи храна за зимата.Тие наредени во долги колони, илјадници на број, навидум мислиш дека се партизани кои тргнале на февруарски поход.Бубамарите собрани на долните делови од дрвјата, стотици, незнам зошто, но многу убаво изгледаат. Змиите веќе ги нема бидејќи го нема ни топлото сонце.Гуштерчињата кои ги гледав како без престан трчаат лево десно се помалку ги има.Желките кои ги има во огромен број и секојдневно ги гледав како слободно се шетаат и размножуваат, почнуваат да се прибираат и подготвени ја дочекуваат зимата.Пиштењето на досадните штурци кое е знак за пеколно жешко лето веќе не се слуша.Зајчињата се најчести домаќини во нашата шума, нив редовно ги здогледувам како се шетаат и скокаат на сите страни, весели, растрчани, брзи и неуморни.Нив ги гледам во секое годишно време без разлика дали е топло или ладно, дење или ноќе.Косовите кои се криjат во ниските грмушки, на лето и на пролет само можам да ги слушнам, како шушкаат, трчкаат и подлетуваат во ниските грмушки.Но, затоа на есен кога зелената вегетација е разретчена убаво им се гледа телото прекриено со црни пердуви и портокаловиот клун.

Фазаните според мене се најубавите и најграциозните птици во нашата шума Гази Баба.Машките се големи, поголеми и од петел со повеќе шари.Главата им е прекрасна и  доминира црвена боја, прошарана со портокалово и зелено и имаат опаш со долги шарени пердуви.Женските се ситни на раст и кафени.Наликуваат на голема еребица.Гривнешите кои исто така на пролети лето  се премногу раздвижени и разлетани и кои пленат со нивната грациозност, полека ги поправаат своите гнезда за да им бидат поудобни и потопли за ладните зимски денови кои следуваат.Изворчињата и чешмичките кои формираат мали поточиња се прекрасни и за гледање и за слушање. Тие се тука за сите  суштества и растенија.Ќе заборавев, и ластовичките во овој период на годината ми недостасуваат. Нивното црцорење повеќе не се слуша, бидејќи се заминати на југ. Наесен  кога веќе ливчињата на листопадните дрвја се пожолтени и паднати, задоволство е да се гази понив и да се слуша нивното шушкањеи крцкање. Се чувствувам премногу среќно бидејќи имам чест и задоволство да живеам блиску до оваа прекрасна шума и често да шетам во неа.Прошетките со мојата фамилија ми се вистинско уживање и многу често додека се движиме си играме игра, кој прв ќе види животно како например полжав или желка Кој ќе здогледа повеќе - тој победува.

Им порачувам на сите дечиња што повеќе да шетаат во природните средини и што помалку да се дружат со електорнските апарати. Вистинското уживање е во природата од која има многу што да научиме.

Илина Кировска VIIаодд.
Ментор:Татјана Силјаноска-Гочкова



# Езерска слика

Над убавото езеро сино,
сонцето силно грее,
езеро мило
полно со љубов,
секому  се смее.

На небото гордо летаат,
галеби нежни и бели,
волшебна е глетката,
со ветерот се борат смели.

Водата шумоли тивко,
преубава, прекрасна лика,
брановите тивко жуборат,
како најубава слика.

Евгенија Поп - Илиева VI а одд
Ментор:Татјана Силјаноска-Гочкова

# Езерски мир

Покрај твојот брег седам да најдам мир.
Размислувам и уживам во езерската шир.
Со мил поглед гледам
во убавините твои.
Замислена седам.
И гледам бранови рој

Додека сонцето грее
Седам на жешкиот песок
И го слушам славејот како пее
И си викам на себе
Камо ли да бев како тебе
Со убавини рој
Меѓу брановите твои.


**Јана ПоповскаVI а одд.**
Ментор:Татјана Силјаноска-Гочкова



# ЕЗЕРО

**Езерото сино многу убавини има:**
**тоа потплиснува, потопувајќи се во близина,**
**носејќи му езерски подароци на копното:**
**алги, камчиња и школки кои блескаат на зраците.**
**А на небото, високо над облаците,**
**летаат и црцорат распеаните птици,**
**како да оддржуваат концерт**
**во кој природата е публика.**

**Калин Личев VI а одд.**